РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАСИЛЕВО
Бр. 09-174/16
01.03 20 22 год.
Василево

Друштво за проектирање,инженеринг,трговија и услуги МГ ПРОЕКТ ДООЕЛ
Бр. 03-124/1
01.03 2022 год.
Скопје

# ДОГОВОР

Склучен на ден _______________ во Василево помеѓу:

## I. Договорни страни

1. Општина Василево - Василево, претставувана и застапувана од Градоначалникот Славе Андонов, (во понатамошниот текст како Нарачател) буџетски корисник со трезорска сметка 70901-40800-630-14, и жиро сметка 1000000000630-95, депонент Народна Банка на РМ и

2. ДПИ МГ Проект Дооел ул. Никола Парапунов бр 27-3/20 Скопје, претставувана и застапувана од овластеното лице (во понатамошниот текст како Добавувач) Љубомир Терзиоски, со ЕДБ МК:4057018540211 и ЕМБС:7266960 од друга страна.

## II. Предмет на договорот

**член 1**

Предмет на овој Договор е јавна набавка – за вршење на стручен надзор над градба на градежни објекти во општина Василево за 2022 година (сукцесивна набавка).

## III. Вредност на договорот

**член 2**

Единечната цена на услугата за:

- Дел 1 без ДДВ изнесува:0,036 % проценти (со букви: нула запирка нулатриесетишест проценти).
  ДДВ за завршената услуга е 0,006%.
- Дел 2 услугата без ДДВ изнесува:0,11 % проценти (со букви: нула запирка единаесет проценти).
  ДДВ за завршената услуга е 0,02%.
- Дел 3 без ДДВ изнесува:0,01 % проценти (со букви: нула запирка нулаеден процент).
  ДДВ за завршената услуга е 0,001%.
- Дел 4 без ДДВ изнесува:0,01 % проценти (со букви: нула запирка нулаеден процент).
  ДДВ за завршената услуга е 0,001%.
- Дел 5 без ДДВ изнесува:0,013 % проценти (со букви: нула запирка нулатринаест проценти).
  ДДВ за завршената услуга е 0,002%.

Вкупниот процент за извршената услуга без ДДВ изнесува 0,18%, (со букви: нула запирка осумнаесет проценти). ДДВ за завршената услуга изнесува 0,03%.

## IV. Времетраење на договорот

**член 3**

Договорот се склучува до 1 (една) година.

## V. Динамика на испорака на услугата

**член 4**

Добавувачот е должен испораката на предметот на договорот да го достави во архивата на општина Василево.

**VI.Обврска на добавувачот**

**член 5**

Добавувачот има обврска во целост да го примени член 36 од Законот за градење.

**VII. Изготвување на фактурата**

**член 6**

При изготвување на фактурата, добавувачот е должен да ги наведе следните елементи: број на испратница со која е доставен предметот на набавката, со јасно видлива дата на предавање, име и презиме на лицето кое ја примило, број и датум на Договорот, вкупна цена за исплата по фактурата.

**VIII. Начин, услови и рокови на плаќање**

**член 7**

Набавувачот се обврзува плаќањето на Добавувачот да го врши на 3 (три) месечни рати од денот на склучување на договорот за вршење на надзор.

**IX. Виша сила**

**член 8**

Набавувачот и Добавувачот се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој Договор кои се предизвикани од виша сила.

Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Закон за облигациони односи.

Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и се договорат нови услови за исполнување или раскинување на Договорот.

**X. Обештетување**

**член 9**

Добавувачот е должен на Набавувачот да му ја надомести штетата предизвикана поради неисправност или недостатоци на услугата од член 1 од овој договор, согласно Законот за облигациони односи и Законот за заштита на потрошувачите.

**XI. Решавање на спорови**

**член 10**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку не се дојде до прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд.

**XII. Раскинување на договорот**

**член 11**

Кога една од договорните страни нема да ја испони својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

**XIII. Корупциско или измамничко однесување**

**член 12**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

**XIV. Применлив закон**

**член 13**

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Р.Македонија.

**XV.Завршни одредби**

**член 14**

Овој Договор е склучен во 5 (пет) истоветни примероци од кои по 3 (три) за Набавувачот и 2 (два) за Добавувачот.

**Договорни страни:**

**НАБАВУВАЧОТ:**
Општина Василево
Градоначалник
Славе Андонов

**ДОБАВУВАЧОТ:**
ДПИ МГ Проект Дооел Скопје
Овластено лице
Љубомир Терзиоски